# БОИТЕ НА СВ.ТРИФУН
## низ делата на ликовните уметници од Македонија




Музеј Галерија Кавадарци

февруари 2025

## СВ. ТРИФУН ПРАЗНИК НА ЛОЗАРИТЕ ОД ТИКВЕШИЈАТА

Нема точни податоци од кога во тиквешкиот крај започнало организирано прославувањето на Св. Трифун како празник на лозарите, односно прогласен за ден кога официјално се започнува со работите во лозарството. Преданието вели дека оваа традиција има длабоки корени, бидејќи и најстарите тиквешани се сеќаваат дека и нивните дедовци и прадедовци го славеле овој празник. Православните верници, а особено лозарите секој 14 февруари го одбележуваат Св. Трифун, маченик и заштитник на лозарите, поради чудата што ги направил за време на својот краток живот.

Култот на почитување на Св. Трифун од јужните предели на Јадранското Море е пренесен во Јужна Италија и Сицилија, а во Котор се чуваат и дел од неговите мошти.

Иако живеел само 21 година Трифун имал исклучително интересен живот. Од неговото житие се гледа дека бил роден од благочестиви родители во Камсада, во Фригија, една од областите во Мала Азија.

Уште како дете, според житието Бог благословил во него да се всели Светиот дух и да го обдари со чудотворство. Како мало дете Трифун лекувал најразлични болести, а имал и моќ од луѓето да ги истерува демоните. Тој направил многу чуда, меѓутоа едно е поврзано со убавата принцеза Гордијана, настан кој се случил во 225 година, кога со Римското царство управувал нејзиниот татко Гордијан. Поради нејзината убавина и мудрост за неа биле заинтересирани многу кнезови и принцови, но принцезата имала сериозен духовен проблем, кога во неа влегол ѓаволот и постојано ја измачувал. Залудни биле обидите на најпознатите лекари да ја излекуваат убавата принцеза. Неочекувано проговорил ѓаволот од нејзе и кажал дека само младото момче Трифун може да ја излекува. Биле донесени сите луѓе по име Трифун, но никој од нив не успеал во тоа. Дворјаните продолжиле во потрагата по чудотворецот Трифун и го пронашле 17 годишното момче, како чува гуски и веднаш го однеле во Рим. Во житието е опишан настанот како демонот, три дена пред да пристигне Трифун во Рим, не можел повеќе да издржи и излегол од нејзиното тело на Глорија. За да се увери царот дека Трифун е правиот чудотворец, го замолил светителот да им го покаже демонот за да можат и тие да го видат. Трифун поминал шест деноноќија во пост и молитва и кога седмиот ден царот со целата свита отишол кај него, Трифун со својата моќ направил ѓаволот да се појави пред сите во форма на црно куче, на кое очите му биле како пламен, а главата му се влечела по земја. Бидејќи Трифун инсистирал да дознае од демонот како влегол во телото на Гордијана, тој му рекол дека демоните имаат власт кај оние што не веруваат во Бога. За своето дело Трифун бил богато награден од царот, но тој целото богатство им го подарил на сиромашните, а самиот и понатаму продолжил да живее скромно и да работи на лекување на болните.

Во времето на владеењето на императорот Декиј, наречен мачител, (бидејќи жестоко ги прогонувал христијаните), бил уапсен и младиот Трифун. Бил подложен на жестоки измачувања со цел да се откаже од неговата верба кон Бога. Откако мачителите не успеале во тоа во 250 година му ја отсекле главата.

Византискиот цар Јустенијан, кој бил роден во Македонија, на маченикот Трифун му изградил црква во Цариград, со што уште повеќе го зголемил култот кон светителот.

Закројувањето на винова лоза на овој празник се врши и во црквите или на манастирските имоти во Тиквешијата, а се верувало дека сите оние кои ќе земат гранче од пресечените лозови прачки и истите ги однесат во своето лозје, ќе имаат среќа и берикетен род во текот на престојната година.

Во Македонија денот посветен на Св. Трифун спаѓа во поголемите православни празници и на тој ден се врши закроување на лозјата. Св. Трифун покрај лозјата и градините, е земен и како заштитник на меанџиите.

Во Тиквешијата овој празник се празнувал од многу одамна, а лозарите му посветуваат големо вниманите на заштитникот на виновата лоза. За нив 14 февруари е посебен ден, кога лозарите уште во раните утрински часови оделе на своите лозови површини и со закројувањето на неколку лози, кои притоа ги полеваат со вино, се обраќале кон бога со зборовите: Господе! Ти давам едно шише, за иљада да ни подариш.

Во с. Ресава прастар обичај било на овој празник лозата да се полева со вино и со ракија, при што се искажувале зборовите: Еве ти вино и ракија, а ти дај ни убаво и квалитетно грозје, да можеме да зобиме и вино и ракија да правиме. Берикетна да ни е годината, да тежи од род. Лозарите се надеваат дека заштитникот Св. Трифун ќе ги чуе нивните молитви и ќе ги заштити лозјата од болести, штетници и други инсекти.

По завршување на церемонијата на закројување лозарите се упатуваат во кафаните или со друштво во своите куќи, каде дружејќи се, со убави желби со песна, свирки, вино и ракија празнувале до касно во ноќта.

виш кустос етнолог Томе Крстевски



февруари 2025

Слободан Милошески, „Смарагден пламен", ком. техника, 60 x 80



февруари 2025

Слободан Милошески, „Изблик на чувства", ком. техника, 70 x 50

Организатори:
**Локален Музеј – Галерија Кавадарци**
**Општина Кавадарци**
Главен и одговорен уредник
**Јаким Зимоски - директор**
Куратор на изложбата:
**Трајче Цветков**
Репродукции, илустрации и дизајн на каталогот:
**Тони Коцев**

Текст:
**Томе Крстевски виш кустос етнолог**
**Трајче Цветков виш кустос историчар на уметност**
Лектор
**Раде Атанасов**
Печати:
**Печатница Европа 92**
**ДООЕЛ Кочани**
Тираж: **100 примероци**

Кавадарци, февруари 2025

Покровители на изложбата и каталогот се: **Градоначалникот г-дин д-р. Митко Јанчев и Советот на Општина Кавадарци**

Помагатели: **Винарија Попова Кула**
**СОЗШУ ''Ѓорче Петров'' - Кавадарци**
**Ресторан Сино**

ISBN 978 - 608 - 4621 - 31 - 7